10.07.2007 - Утрински весник -

Личен сензибилитет и емотивно доживување



Кон премиерната изведба на мултимедијалниот проект „Андерграунд“

**ЕМИЛИЈА ЏИПУНОВА**

Во рамките на „Скопското културно лето“, деновиве во една од топлите летни вечери на сцената на Македонската опера и балет, беше изведен мултимедијалниот проект „Андерграунд“ во кореографија, режија и костими на Саша Ефтимова. Изборот на музиката беше на Дарко Јорданов, а идејата за сценографија на Киро Павлов.

Според идејата, реализацијата и интерпретацијата, делото му припаѓа на современиот танцов израз и естетика како рефлексија на сопствениот сензибилитет и емотивно доживување. Дело чие дејство е ставено на простор од маргините на еден велеград, каде што помеѓу старите и расипани моторни возила абитуваат, се преплетуваат и спротивставуваат во меѓусебните односи девојки и момци. Се спротивставуваат и се борат за својата надмоќ, за слободата на својот дух и начинот на сопственото живеење. Сето тоа мајсторски беше осмислено преку извонредната компатибилност помеѓу сите значајни елементи - идеја, кореографија, музика, сценографија и костими. Поврзани и надополнети во повеќеслојна целина преку димниот превез и силното пулсирање на разнобојната илуминативна обоеност, видео-спектаклот и атрактивната пиротехника, сите заедно создаваат една хипнотична атмосфера во која,

пак, Саша Ефтимова со моќта на звучниот елемент - музиката, ја преточува својата кореографска замисла преку бројните танци разновидни по својот стил - диско, панк, брејк денс. Кореографски конструкции со богат танцов вокабулар, изразена пластичност и хармоничен спој на движења.Танци кои преку заедничката концентрација, енергија и динамичност, во непрекинато темпо и ритам, предводени од авторката и нејзиниот непресушен темперамент ги интерпретираа Марина, Дафина, Маја, Биљана, Адриана, Лили, Славица, Ирена и нивните „антиподи" Киро, Игор, Стеван, Јан, Виктор, Трајче, Даниел, Агим и Виктор В., со што го подигаа адреналинот, особено на младата публика која со бурен аплауз и овации го заокружи овој уметнички чин. Чин кој сигурно како што „Магичниот круг на Зодијакот" по кореографија на Олга Милосавлева во 90-тите години на минатиот век, стана хит на својата генерација, тогаш „Андерграунд" сигурно ќе го носи хитовскиот код на генерацијата еве од раните седум години на 21 век.